`

# ИЗВЕШТАЈ

# Испитување на јавното мислење за примена на мерки за безбедност на интернет

**Март, 2018**


ДИУ СТАР-ДТ ДООЕЛ, ул. Димитар Мирасчиев бр.11, Скопје,
star_dt3@yahoo.com, FB: StarDtMk, 070-322-203

## СТРУКТУРА НА ИЗВЕШТАЈОТ

ВОВЕД ........................................................................................................................................ 3

МЕТОДОЛОГИЈА.......................................................................................................................... 4

СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОК ........................................................................................................ 5

ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ.............................................................................................................8

ДЕЛ 1- ТИПОВИ НА УРЕДИ ЗА ПРИСТАП НА ИНТЕРНЕТ И ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ..........................11

ДЕЛ 2- ПРИМЕНА НА МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, УПОТРЕБА НА ЛОЗИНКИ...............................22

ДЕЛ 3- САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ.........................................................................................33

ДЕЛ-4 ЕЛЕКТРОНСКИ ПЛАЌАЊА И ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО............................................43

ДЕЛ-5 СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ-КОРИСТЕЊЕ И МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ...............................51

 ДИУ СТАР-ДТ ДООЕЛ, ул. Димитар Мирасчиев бр.11, Скопје,
star_dt3@yahoo.com, FB: StarDtMk, 070-322-203

# ВОВЕД

Прашалникот е направен со цел да го испита јавното мислење во однос на моменталната состојба и нивото на свест кај граѓаните за:

- Примена на мерки за безбедност на интернет
- Степен на користење на електронски Online услуги и електронско банкарство
- Нивоа на познавање на граѓаните за потреба од заштита на личните податоци при работење на интернет
- Примена на мерки за безбедност на социјалните мрежи кои ги преземаат граѓаните
- Типови на уреди за пристап на интернет што се користат

Испитувањето беше направено на популација 15+ години во Република Македонија на бројка од 1400 испитаници. Земениот примерокот беше согласно Номенклатурата на територијални единици - НТЕС ниво 3 за статистички региони (8 единици) на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

## Начин на прибирање на податоци

Собирањето на податоците беше направено од страна на обучени анкетари преку директно испрашување на  испитаниците. Прашалникот се состоеше од 5 дела и вкупно 46 прашања кои генерлано се состоеја од понудени одговори со право на избор на еден или повеќе понудени алтернативи.

**Дел 1** се однесуваше на примена на мерки за безбедност на интернетот од страна на граѓаните на Република Македонија, нивото на познавање за потребата од заштита на личните податоци при употребата на интернетот како и типови на уреди кои се користат за пристап на интернет. Овој дел содржи 9 прашања.

**Дел 2** го покрива делот на примена на мерките за претпазливост и употреба на лозинки при користењето на електронските уреди. Овој дел е застапен со 14 прашања.

**Дел 3** содржи 9 прашања во однос на познавањето не терминот и значењето на *сајбер безбедност,*  како и можните мерки кои граѓаните ги познаваат и превземаат за да се зашитат себе си или членовите на своето семејство од можен сајбер криминал.

**Дел 4** е застапен со 7 прашања главно фокусирани на употребата на електронско банкарство и практики при електронски плаќања, како и сомнежи поврзани со истите.

**Дел 5** се однесува на прашања за социјалните мрежи, нивна употреба, како и познавањето на политиките за зачувување на приватноста при користењето на социјалните мрежи. Овој содржи 7 прашања.

## Време на собирање на податоци

Податоците се собрани во период од 12.02.2018 до 4.03.2018

## Контрола

Во финалната анализа се земени комплетно пополнети прашалници согласно правилата за конзистентност и логичка контрола

# СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОК

При спроведување на истражувањето е формиран случаен репрезентативен примерок, кој по компаративната анализа ги задоволува регионалните квоти во однос на пол, националност и возраст (податоци земени од Државниот Завод за Статистика). Истиот се состои од 1400 испитаници.

## Графички приказ на примерокот

Во однос на регионот, најголема застапеност има на Скопскиот регион со 29,6% од вкупниот број на испитаници. Североистиочниот, Полошкиот, Пелагонискиот и Југоисточниот регион имаат слична застапеност со околу 11%. После нив следуваат Југозападниот регион со 9,4% и Вардарскиот со 9,1%, додека најмала е застапеноста на Источниот регион со 6,6%.




Примерокот е балансиран во родовата застапеност со опфатени 52% женски испитаници и 48% машки, додека пак во однос на населеното место околу три четвртини од испитаниците (73%) се од урбана средина, наспроти 27%кои доаѓаат од рурална средина







Во однос на возраста, најголем број на испитаници се наоѓаат во граничните рамки на возраст од 15 до 24 години и над 60 години возраст.




Скоро половина од примерокот се состои од испитаници кои спаѓаат во категоријата вработени, односно 42,9%. После нив следува категоријата на студенти и невработени со 21,6% и 17,5% последователно, категоријата на пензионери со 9,1% и најмалата застапеност на категоријата самовработени испитаници со 8,8%




Последниот фактор на анализа на примерокот е образованието, при што се забележуваат максимални 48,8% испитаници со средно образование, и минимален број од 5,1% испитаници со магистерски или докторски студии како и 3% испитаници кои се без образование.



# ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ

Употребата на интернет е застапена кај 90% од популацијата. Над 80% од испитаниците од секој регион засебно користи интернет, при што постои статистички значајна разлика помеѓу регионите. Во однос на полот, не постои значајна разлика, и повторно постои застапеност од над 88% користење на интернет. Значајно се разликуваат испитаниците од урбана и рурална средина во однос на користењето, со предност на урбаната средина. Во однос на возраста, најголема застапеност од 99% на користење на интернет може да се забележи кај најмладата возраст од 15-19 години, додека најмала кај испитаниците кои се над 60 години со само 45,5% користење. Студентите исто така имаат највисока стапка на користење на интернет со 99,7% и значајно се разликуваат од останатите групи. Разлика постои и кај различните нивоа на образование, со предност на групата испитаници со завршени Магистерски и Докторски студии (98.6%). Најголем процент од испитаниците користат компјутер за прикачување на интернет (87,6%), и користат интернет во својот дом скоро секој ден (84,1%). На работното место секој ден интернет користат само 56,1% од испитаниците, за разлика од 21,6% кои никогаш не користат интернет на работно место. 82,8 % користат интернет на сопствениот смартфон секојдневно, и околу половина од корисниците (53,8%) користат интернет секојдневно на друг место како училиште, универзитет или сајбер-кафе. Интернетот најмногу се користи за социјални мрежи (83,7%) а најмалку за продавање на стоки и услуги (13,3%). Кога се работи за мобилниот интернет, 83,8% од испитаниците го користат повторно за користење на социјални мрежи, додека само 12% за продавање на стоки и услуги. Популацијата е најмногу загрижена за купување на стоки или услуги преку интернет. Во однос на заштитата на приватноста при користење на интернет, 54,7% од испитаниците инсталирале анти-вирусна програм во последните неколку години. Над половина од испитаниците користат сопствен интернет за поврзување на јавни места (опцијата за HotSpot) и само една четвртина се поврзува на мрежа која е бесплатна и не е заштитена со лозинка. Вкупната популација најмногу е засегната од злоупотреба на личните податоци преку интернет, како и кражбата на лозинки и навлегувањето во приватноста.

Само 64% од вкупната популација превзема одредени мерки за безбедност при користење на уредите. Превземањето на мерки статистички значајно се разликува кај различните региони, со најголема застапеност во Југозападниот регион кај 72,5% од популацијата и најмала кај испитаниците од Југоисточниот реон со 45,7% застапеност. Помеѓу половите не постои значајна разлика во однос на мерките на безбедност, но постои помеѓу испитаниците од урбана и рурална средина. Најмладата возрасна група од 15 до 19 години како најголем корисник на интернет услугите е застапена и со најголем процент на превземени мерки на безбедност (79,2%), со иста процентуална застапеност како и студентите. Во однос на образованието, 70,8% од испитаниците со завршени магистерски или докторски студии имаат најголем процент на превземени мерки на безбедност, додека најмал имаат испитаниците со основно ниво на образование (39,7%). Од испитаниците кои преземаат мерки за безбедност при користење на уред, само 69% активираат анти-вирусна програма пред прва употреба

на уредите, и околу 83% ги ажурираат податоците. Во однос на ажурирањето, над половина од испитаниците имаат уреди кои постојано се вклучени на Auto-update. Како најголем проблем во однос на мерките за безбедност е наведена потребата за нивно плаќање. Од вкупната популација на испитаници, 74% користат лозинки за пристап кон уредите за користење, од кои најголем дел (60,3%) се состојат од комбинација на букви, броеви и симболи. Лозинките најчесто се чуваат во компјутер или запишуваат на друго место, а голем број од испитаниците навеле дека ја помнат лозинката. Над половина од испитаниците во последниот период ја измените лозинката на социјалните мрежи. Можноста за дво-факторска автентикација е искористена од само 24% од испитаниците. Од останатите 76%, половина не знаат за таа опција. Само една третина од испитаниците прави безбедносна копија на податоците на облак (cloud), но само една петтина го врши зачувувањето секој ден. Околу 44% од испитаниците зачувувањето го прави поретко од 3 пати месечно.

Со сајбер-безбедноста се запознаени 63% од популацијата,од кои најмногу испитаници од Североисточниот регион. Помеѓу машките и женските испитаници не постои разлика во однос на запознаеноста со сајбер безбедност. Разликата постои помеѓу испитаниците од урбана и рурална средина со предност на урбаната (65,5%), испитаниците од возрасната група на 25 до 29 години (83,7%) вработените испитаници (71,4%) како и испитаниците со највисокиот степен на образование (77,8%). Од нив само 11,4% се многу добро информирани со ризиците од сајбер криминалот. Околу половина од популацијата е информирана преку медиумите. Најголем дел од испитаниците се загрижени за сопствените лични податоци и нивното чување од веб страните, како и од јавните сервиси и институции. Половина од луѓето избегнуваат да откриваат лични податоци преку интернет, и 41,2% веруваат дека ризикот да се стане сајбер жртва се зголемува. Само 21.6% сметаат дека можат да се заштиат од сајбер криминал преку анти-вирусен софтвер. Во однос на криминалните активности, над половина од популацијата е загрижена од кражба на идентитетот и станување жртва на измама со користење на банкарска картичка. Една петтина од популацијата била жртва на сајбер насилство, најмногу преку откривање на штетен софтвер. Во однос на преземањето мерки при доживување криминал, над половина од популацијата би повикала полиција во случај на кражба на идентитет, наидување на материјал со детска порнографија или измама со користење на банкарска картика. Околу 37% би се обратиле на веб страница или добавувач при измама при електронско купување, и 35,1% при хакирање на социјална мрежа. Кога станува збор пак за заштита на детето од вознемирување на интернет, најголем дел (33,8%) би разговарале со детето во врска со ризиците од употреба на интернет, и би го следеле детето во врска со неговите активности (30.1%).

Електронските плаќања се застапени кај 40% од популацијата, од кои најмногу кај испитаниците од Североисточниот регион. Не постојат разлики помеѓу користењето во однос на полот и средината, но постојат во однос на возраста, работниот статус и образованието. Најмногу се користат кај испитаниците од возрасна група од 25-29 години (60,3%), кај самовработените испитаници (56,9%) и испитаниците со највисоко ниво на образование (65,3%). Од 60% на испитаници кои не користат електронско банкарство, најголемиот дел (24,1%) преферираат одење во банка. Корисниците на

електронско банкарство генерално го користат еднаш до три пати месечно. Електронските плаќања, пак, се користени од страна на 41% од испитаниците, и тие како и електронското банкарство со најголема фрекфенција на користење од еднаш до три пати на месечно ниво. Над половина од испитаниците прават електронска трансакција на веб-страна која добро ја познаваат, а само 6,8% ја проверуваат URL адресата. Загриженоста во врска со безбедноста при овие процеси е со среден интензитет.

Кога станува збор за социјалните мрежи, исите се користени од страна на 84% од испитаниците, од кои најмногу во североисточниот регион (89,5%), кај женските испитаници (87,3%). Во однос на возраста, најголем процент на корисници, односно 98,6% се на возраст од 20 до 24 години. Најголеми корисници се студентите со 97%, како и во однос на образованието испитаниците со високо образование (93,4%). Скоро 91,4% од популацијата ја користи Facebook како социјална мрежа. По неа, најзастапени се Viber со 76,8% и Instagram со 50,8%. Најголем број од испитаниците на социјалните мрежи ги споделуваат вистинското име и личната фотографија, додека најмал број го споделува мобилниот телефон. Од оние испитаници кои не користат социјални мрежи, половина не се заинтересирани, а околу една третина не знае што претставува социјална мрежа. Во однос на политиките на приватност, запознаени се само 51% од испитаниците од вкупната популација, од кои 45,7% делумно се согласуваат за нивната ефективност додека 5,6% воопшто не се согласуваат со тоа. Само 10,7% испитаници веруваат во политиките за приватност. Во најголем процент случаи испитаниците делумно веруваат, додека 16,1% воопшто не верува во политиките за приватност.

## ДЕЛ 1- ТИПОВИ НА УРЕДИ ЗА ПРИСТАП НА ИНТЕРНЕТ И ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ

**1. Дали употребувате интернет**

**База: вкупна популација (N=1400)**



| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Машки | Женски | Урбана | Рурална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База** | 128 | 92 | 131 | 156 | 154 | 163 | 162 | 414 | 666 | 734 | 1020 | 380 |
| **Sig** | | | | 0,00 | | | | | 0,54 | | 0,00 | |
| **Да %** | 91,4 | 82,6 | 88,5 | 95,5 | 96,1 | 87,7 | 92,6 | 86 | 88 | 91,1 | 92,3 | 82,6 |
| **Не %** | 8,6 | 17,4 | 11,5 | 4,5 | 3,9 | 12,3 | 7,4 | 14 | 12 | 8,9 | 7,7 | 17,4 |
| **Тотал %** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

| | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60+ | Вработен | Самовработен | Студент | Невработен | Пензионер | Без Образование | Основно | Средно | Високо | Магистерски и докторски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База** | 202 | 208 | 184 | 145 | 115 | 111 | 87 | 80 | 81 | 187 | 601 | 123 | 303 | 245 | 128 | 42 | 141 | 677 | 468 | 72 |
| **Sig** | | | | | | 0,00 | | | | | | | 0,00 | | | | | 0,00 | | |
| **Да %** | 99 | 99,5 | 98,4 | 97,9 | 96,5 | 97,6 | 90,8 | 93,8 | 82,7 | 45,5 | 97,2 | 94,3 | 99,7 | 78 | 48,4 | 66,7 | 59,6 | 90,5 | 98,1 | 98,6 |
| **Не %** | 1 | 0,5 | 1,6 | 2,1 | 3,5 | 2,7 | 9,2 | 6,3 | 17,3 | 54,5 | 2,8 | 5,7 | 0,3 | 22 | 51,6 | 33,3 | 40,4 | 9,5 | 1,9 | 1,4 |
| **Тотал %** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

**2. Кои уреди ги користите за да пристапите на интернет?**

**База: популација која користи интернет (N=1255)**




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

## 3. Фрекфенција на користење на електронски уреди

## База: популација која користи интернет (N=1255)

| | Секој ден или скоро секој ден | Два или три пати неделно | Еднаш неделно | Два или три пати месечно | Помалку од претходно наведеното | Никогаш | Немам интернет пристап | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Користите интернет дома, во Вашиот дом** | **84,1** | **9** | **3,4** | **0,8** | **0,7** | **0,7** | **1,3** | **100** |
| **Користите интернет на Вашето работно место** | **56,1** | **12,1** | **1,9** | **0,5** | **1,5** | **21,6** | **6,3** | **100** |
| **Користите интернет на Вашиот мобилен уред (лаптоп, смартфон, таблет, итн.)** | **82,8** | **9,8** | **1** | **0,8** | **1,4** | **2,9** | **1,4** | **100** |
| **Користите интернет на друго место (училиште, универзитет, сајбер-кафе, итн.)** | **53,8** | **14,2** | **4,9** | **4,9** | **5,7** | **11,8** | **4,9** | **100** |

*Податоци прикажани во %*

## 4. За кои од следниве активности користите Интернет?

**База: популација која користи интернет (N=1255)**




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

### 5. За кои од следниве активности користите Интернет на вашиот телефон?

### База: популација која користи интернет (N=1255)




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

**6. Кои од следните активности на интернет Ве загрижуваат – ги сметате за ризични?**

**База: популација која користи интернет (N=1255)**




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

## 7. Кои од следните активности ги имате превземено во последните 3 години за да ја заштитите својата приватност при користење на Интернет?

### База: популација која користи интернет (N=1255)




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

**8. Кои се вашите практики за поврзување на интернет на јавни места?**

**База: популација која користи интернет (N=1255)**




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

## 9. Што од долунаведеното Ве загрижува во врска со користењето на интернет?

## База: вкупна популација (N=1400)




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

*Забелешка:*

*Други категории: активни хакери на приватноста, кражба на лозинки*

# ДЕЛ 2- ПРИМЕНА НА МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ,  УПОТРЕБА НА ЛОЗИНКИ

**10. Дали превземате мерки на безбедност при користење на Вашите уреди?**

**База: вкупна популација (N=1400)**



| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Машки | Женски | Урбана | Рурална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База** | 128 | 92 | 131 | 156 | 154 | 163 | 162 | 414 | 666 | 734 | 1020 | 380 |
| **Sig** | | | | | 0,00 | | | | 0,28 | | 0,00 | |
| **Да %** | 59,4 | 45,7 | 72,5 | 67,3 | 71,4 | 70,6 | 68,5 | 57,7 | 62,3 | 65,1 | 66,2 | 57,4 |
| **Не %** | 40,6 | 54,3 | 27,5 | 32,7 | 28,6 | 29,4 | 31,5 | 42,3 | 37,7 | 34,9 | 33,8 | 42,6 |
| **Тотал %** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

| | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60+ | Вработен | Самовработен | Студент | Невработен | Пензионер | Без Образование | Основно | Средно | Високо | Магистерски и докторски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База** | 202 | 208 | 184 | 145 | 115 | 111 | 87 | 80 | 81 | 187 | 601 | 123 | 303 | 245 | 128 | 42 | 141 | 677 | 468 | 72 |
| **Sig** | | | | | | 0,00 | | | | | | | 0,00 | | | | | 0,00 | | |
| **Да %** | 79,2 | 77,9 | 77,7 | 71,7 | 62,6 | 60,4 | 60,9 | 63,8 | 55,6 | 19,3 | 71 | 64,2 | 79,2 | 51,4 | 16,4 | 54,8 | 39,7 | 58,5 | 78,4 | 70,8 |
| **Не %** | 20,8 | 22,1 | 22,3 | 28,3 | 37,4 | 39,6 | 39,1 | 36,3 | 44,4 | 80,7 | 29 | 35,8 | 20,8 | 48,6 | 83,6 | 45,2 | 60,3 | 41,5 | 21,6 | 29,2 |
| **Тотал %** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

## 11. Дали активирате анти-вирусната програма на документи или уреди пред нивната прва употреба?

**База: испитаници кои превземаат мерки на безбедност (N=893)**




## 12. Дали ги ажурирате податоците /содржините на Вашите уреди?

**База: испитаници кои превземаат мерки на безбедност (N=893)**



## 13. Која од следниве ситуации најдобро го објаснува Вашиот однос кон ажурирањето на податоците на Вашиот уред?

### База: испитаници кои превземаат мерки на безбедност и ги ажурираат податоците (N=743)

| | |
|---|---|
| Постојано Вашиот уред е вклучен на Auto-update | **57.3** |
| Го прифаќате ажурирањето откако ќе ги прочитате условите | **23.1** |
| Го прифаќате ажурирањето веднаш | **8.9** |
| Веднаш ја затворате пораката за ажурирање | **3.4** |
| Сметате дека нема потреба од ажурирање | **1.1** |
| Сметате дека ажурирањето одзема многу време | **1.3** |
| Не знаете | **4.8** |
| Total | **100.0** |

*Податоци прикажани во %*

**14. Со какви проблеми сте се соочиле во однос на превземање мерки за безбедност?**

**База: популација која превзема мерки на безбедност и ги ажурира податоците (N=743)**




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

## 15. Дали имате лозинки на уредите што ги користите

## База: вкупна популација (N=1400)




## 16. Опишете од што се состојат Вашите лозинки?
## База: популација која има лозинки на уредите кои ги користи (N=1031)




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

## 17. Која од долу наведените сметате дека е најбезбедна лозинка?
## База: популација која има лозинки на уредите кои ги користи (N=1031)

| | |
|---|---|
| **+GZbNw3!** | 50.5 |
| **1qaz2wsxwst** | 17.1 |
| **NsHhfwy6** | 9.6 |
| **денесеубавден** | 4.3 |
| **сите се исти** | 7.4 |
| **не знаете** | 11.2 |
| **Total** | 100.0 |

*Податоци прикажани во %*

## 18. Што правите за да ги запомните вашите лозинки?
## База: популација која има лозинки на уредите кои ги користи (N=1031)




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

*Забелешка:*

*Други категории: помнење на лозинката, запишување на телефон*

**19.Дали имате направено измена на лозинката за пристап кон вашата сметка(и) за некоја од следниве услуги во последните 12 месеци?**

**База: популација која има лозинки на уредите кои ги користи (N=1031)**




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

*Забелешка:*

*Други категории: е-линкови*

## 20. Дали ја користите можноста за дво-факторска автентикација
## База: вкупна популација (N=1400)




## 21. Не користам дво факторска автентикација затоа што:
## База: популација која не користи дво факторска автентикација (N=1067)

| | |
|---|---|
| **одзема премногу време** | **19.0** |
| **не гледате потреба да го правите истото** | 19.5 |
| **сметате дека не е важно да имате ваков вид на идентификација** | 12.0 |
| **не знаете што е тоа** | 49.5 |
| **Total** | 100.0 |

*Податоци прикажани во %*

## 22.Дали чувате безбедносна копија (back-up) од важните податоци на надворешни уреди или во облак (Cloud)?
## База: вкупна популација (N=1400)




## 23. Колку често правите безбедносна копија (back-up) на Вашите фајлови и документи?
## База: популација која чува безбедносна копија (N=515)




*Податоци прикажани во %*

## ДЕЛ 3- САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ

**24. Дали знаете што е сајбер безбедност?**
**База: вкупна популација (N=1400)**



| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Машки | Женски | Урбана | Рурална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База** | 128 | 92 | 131 | 156 | 154 | 163 | 162 | 414 | 666 | 734 | 1020 | 380 |
| **Sig** | | | | 0,00 | | | | | 0,94 | | 0,00 | |
| **Да %** | 62,5 | 48,9 | 61,1 | 59 | 43,5 | 51,5 | 88,3 | 69,3 | 62,6 | 62,8 | 65,5 | 55,3 |
| **Не %** | 37,5 | 51,1 | 38,9 | 41 | 56,5 | 48,5 | 11,7 | 30,7 | 37,4 | 37,2 | 34,5 | 44,7 |
| **Тотал %** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

| | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60+ | Вработен | Самовработен | Студент | Невработен | Пензионер | Без Образование | Основно | Средно | Високо | Магистерски и докторски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База** | 202 | 208 | 184 | 145 | 115 | 111 | 87 | 80 | 81 | 187 | 601 | 123 | 303 | 245 | 128 | 42 | 141 | 677 | 468 | 72 |
| **Sig** | | | | | | 0,00 | | | | | | | 0,00 | | | | | 0,00 | | |
| **Да %** | 62,4 | 71,6 | 83,7 | 72,4 | 65,2 | 67,6 | 64,4 | 53,1 | 53,1 | 24,1 | 71,4 | 68,3 | 69,3 | 52,7 | 20,3 | 40,5 | 37,6 | 62 | 70,9 | 77,8 |
| **Не %** | 37,6 | 28,4 | 16,3 | 27,6 | 34,8 | 32,4 | 35,6 | 46,9 | 46,9 | 75,9 | 28,6 | 31,7 | 30,7 | 47,3 | 79,7 | 59,5 | 62,4 | 38 | 29,1 | 22,2 |
| **Тотал %** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

## 25. Колку сте информирани со ризиците од сајбер криминал?
## База: вкупна популација (N=1400)

| | |
|---|---|
| **Многу добро сте информирани** | **11.4** |
| **Солидно информирани** | **26.1** |
| **Не сте многу информирани** | **29.8** |
| **Воопшто не сте информирани** | **15.1** |
| **Не знаете** | **17.6** |
| **Total** | **100.0** |

*Податоци прикажани во %*

## 26. Каде сте се информирале за сајбер безбедност?
## База: популација која е информирана за сајбер безбедност (N=942)




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

*Забелешка:*

*Други категории: самоедукација, социјални мрежи*

## 27. До кој степен се согласувате, односно не се согласувате со следните искази
## База: вкупна популација (N=1400)

| | Потполно се согласувате | Склони сте да се согласите | Склони сте да не се согласите | Воопшто не се согласувате | Не знаете |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Загрижени сте дека Вашите лични податоци не се безбедно чувани од страна на веб-страниците** | 39,4 | 33,1 | 8,5 | 4,4 | 14,5 |
| **2. Загрижени сте дека Вашите лични податоци не се безбедно чувани од страна на јавните сервиси/институции** | 36,5 | 32,5 | 10,4 | 5,6 | 14,9 |
| **3. Избегнувате да откривате Ваши лични податоци на Интернет** | 51,8 | 24 | 9,5 | 5,5 | 9,2 |
| **4. Верувате дека ризикот да се стане сајбер жртва се зголемува** | 41,2 | 26,9 | 8,1 | 2,9 | 20,8 |
| **5. Вие можете доволно да се заштитите од сајбер криминал со вградување на анти-вирус софтвер** | 21,6 | 23,8 | 15,1 | 10,9 | 28,6 |

*Податоци прикажани во %*

## 28. Сајбер криминалот вклучува различни видови на криминални активности. Колку Ве загрижува фактот дека може да станете жртва во следните ситуации
## База: вкупна популација (N=1400)

| | Многу Ве загрижува | Ве загрижува | Не Ве загрижува многу | Воопшто не ве загрижува | Не знаете |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Кражба на идентитетот ( некој ги краде Вашите лични податоци и се претставува во Ваше име) | 56,3 | 25,1 | 7,1 | 3,1 | 8,4 |
| 2. Добивате лажна електронска порака (e-mail) или телефонски повик во врска со Вашите лични податоци ( пристап на Вашиот компјутер , лозинки, информации околу Вашата банкарска сметка и електронски плаќања) | 42,7 | 33 | 7,7 | 5,2 | 11,4 |
| 3. Измама при електронско купување (купениот продукт не Ви е доставен, или не е таков каков што претходно е рекламиран) | 36 | 35 | 10,2 | 6,3 | 12,5 |
| 4. Случајно да наидете на материјал со детска порнографија | 46,8 | 28,5 | 10,1 | 4,4 | 10,2 |
| 5. Случајно да наидувате на материјал кој шири расна омраза или верски екстремизам | 38,4 | 30,9 | 15,3 | 4,5 | 10,9 |
| 6. Не сте во можност да реализирате електронски трансакции како што се банкарските услуги или јавни сервиси поради сајбер напад | 39,2 | 25,1 | 11,5 | 5,5 | 18,7 |
| 7. Можност Вашата сметка на социјална мрежа да биде хакирана | 44,1 | 29,8 | 9,7 | 4,9 | 11,6 |
| 8. Можност да станете жртва на измама со користење на банкарска картичка или електронско банкарство | 51,2 | 23,4 | 5,8 | 5,2 | 14,4 |
| 9. Ситуација во која Ви бараат пари за повторно да ја превземете контролата врз Вашиот уред | 35,9 | 30,6 | 11,9 | 5,7 | 15,8 |
| 10. Можност да откриете штетен софтвер (вирус, тројанец итн.) на Вашиот уред | 28,6 | 32,5 | 14,3 | 5,9 | 18,6 |

*Податоци прикажани во %*

## 29. Дали сте биле жртва на сајбер криминал или вознемирување?

**База: вкупна популација (N=1400)**



## 30. Колку често сте биле жртва на сајбер криминал во ситуации како што се долунаведените?

## База: жртви на сајбер криминал (N=304)

| | Често | Повремено | Никогаш | Не знаете |
|---|---|---|---|---|
| 1. Кражба на идентитетот ( некој ги краде Вашите лични податоци и се претставува во Ваше име) | 17,1 | 14,5 | 55,9 | 12,5 |
| 2. Добивате лажна електронска порака (e-mail) или телефонски повик во врска со Вашите лични податоци ( пристап на Вашиот компјутер , лозинки, информации околу Вашата банкарска сметка и електронски плаќања) | 16,1 | 29,3 | 46,4 | 8,2 |
| 3. Измама при електронско купување (купениот продукт не Ви е доставен, или не е таков каков што претходно е рекламиран) | 22 | 30,6 | 41,1 | 6,3 |
| 4. Случајно да наидете на материјал со детска порнографија | 14,1 | 22,7 | 51,6 | 11,5 |
| 5. Случајно да наидувате на материјал кој шири расна омраза или верски екстремизам | 25 | 27,3 | 38,8 | 8,9 |
| 6. Не сте во можност да реализирате електронски трансакции како што се банкарските услуги или јавни сервиси поради сајбер напад | 13,8 | 23 | 50,7 | 12,5 |
| 7. Можност Вашата сметка на социјална мрежа да биде хакирана | 24,7 | 37,5 | 26,6 | 11,2 |
| 8. Можност да станете жртва на измама со користење на банкарска картичка или електронско банкарство | 20,1 | 25 | 41,8 | 13,2 |
| 9. Ситуација во која Ви бараат пари за повторно да ја превземете контролата врз Вашиот уред | 19,4 | 18,8 | 52 | 9,9 |
| 10. Можност да откриете штетен софтвер (вирус, тројанец итн.) на Вашиот уред | 33,2 | 37,5 | 17,4 | 11,8 |

*Податоци прикажани во %*

## 31. Доколку имате искуство/сте биле жртва во следниве ситуации кого би известиле/контактирале?

## База: вкупна популација (N=1400)

| | Полиција | Веб страница/добавувач | Вашиот интернет оператор | Органзација за заштита на потрошувачи | Друг | Ниту едно од наведените | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Кражба на идентитетот ( некој ги краде Вашите лични податоци и се претставува во Ваше име)** | **55,4** | **16** | **6,4** | **5,9** | **0,8** | **6,6** | **15,9** |
| **2. Добивате лажна електронска порака (e-mail) или телефонски повик во врска со Вашите лични податоци ( пристап на Вашиот компјутер , лозинки, информации околу Вашата банкарска сметка и електронски плаќања)** | **33,3** | **21** | **8,1** | **6** | **0,4** | **10,9** | **25,3** |
| **3. Измама при електронско купување (купениот продукт не Ви е доставен, или не е таков каков што претходно е рекламиран)** | **17,4** | **36,5** | **10,5** | **13,4** | **0,8** | **7,2** | **18,4** |
| **4. Случајно да наидете на материјал со детска порнографија** | **58,8** | **10,1** | **4,4** | **4,2** | **0,4** | **7,8** | **20** |
| **5. Случајно да наидувате на материјал кој шири расна омраза или верски екстремизам** | **36,5** | **16,1** | **5,4** | **5,4** | **0,9** | **13,2** | **26,7** |
| **6. Не сте во можност да реализирате електронски трансакции како што се банкарските услуги или јавни сервиси поради сајбер напад** | **22,3** | **21,5** | **9,4** | **8,6** | **1,1** | **10,9** | **28,1** |
| **7. Можност Вашата сметка на социјална мрежа да биде хакирана** | **17,6** | **35,1** | **8,2** | **7,8** | **1,1** | **8,1** | **25,2** |
| **8. Можност да станете жртва на измама со користење на банкарска картичка или електронско банкарство** | **47,9** | **14** | **5,4** | **6,2** | **1,3** | **6,9** | **24,2** |
| **9. Ситуација во која Ви бараат пари за повторно да ја превземете контролата врз Вашиот уред** | **37,3** | **15,4** | **6,6** | **4,6** | **0,6** | **12,4** | **25,3** |
| **10. Можност да откриете штетен софтвер (вирус, тројанец итн.) на Вашиот уред** | **12,4** | **21,6** | **11,9** | **5,6** | **2,9** | **16,3** | **31,9** |

*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

*Забелешка: Други категории: пријател, семејство, банка, оператор*

## 32. Што би превзеле за да го заштитите детето од вознемирување на интернет

## База: вкупна популација (N=1400)




*Податоци прикажани во %*

*Прашање со повеќечлен избор*

# ДЕЛ-4 ЕЛЕКТРОНСКИ ПЛАЌАЊА И ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО

**33. Дали користите електронско банкарство?**

**База: вкупна популација (N=1400)**



| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Машки | Женски | Урбана | Рурална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **База** | 128 | 92 | 131 | 156 | 154 | 163 | 162 | 414 | 666 | 734 | 1020 | 380 |
